Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PRESIDENTI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
КАБИНЕТ-KABINETI
Бр.-Nr. 03-841/1
25.07.2022 год.-viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-391/1
25-07-2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје, на 25 јули 2022 година, меѓу:

1. **Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**, претставуван од Миле Бошњаковски, генерален секретар, од една страна и
2. **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, застапувана од претседателот на Комисијата, Кире Василев, од друга страна.

Потврдувајќи го интересот за зајакнување на меѓусебната соработка во поддршка на активностите за спречување и заштита од дискриминација на граѓаните во Република Северна Македонија, Кабинетот на Претседател на Република Северна Македонија и Комисија за спречување и заштита од дискриминација

се согласија за следново:

**Член 1**

Под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски, а преку поставување на рамка за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да се преземааат координирани активности чија цел е промоцијата на заштитата и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за сите граѓани во Република Северна Македонија.

**Член 2**

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката страните се согласни заеднички да соработуваат во остварување на следните активности:

- работа на промотивни активности и кампањи за спречување и заштита од дискриминација;
- поддршка при организирање на меѓународни конференции и настани од полето на заштита од дискриминација;
- соработка и учество во активности и обуки во организација на Претседателскиот центар за политичко образование;
- размена на стручни мислења во областа на предлозите и претставките поврзани со заштитата од дискриминација.

**Член 3**

Страните постигнаа согласност дека при јавните настапи како и при планирањето и подготовка на активностите, организацијата и реализацијата на настаните треба да постои соработка и координација на високо ниво.

**Член 4**

Страните се согласија да назначат одговорни лица за олеснување на меѓусебната комуникација како и за спроведувањето на активностите кои се предмет на овој Меморандум.

**Член 5**

Страните ги задржуваат правата врз нивните логоа, имиња и амблеми.
Ниту една од страните не е овластена да го користи името на другата страна, амблемот или какви било други идентификациски карактеристики во врска со овој Меморандум за соработка, без претходно добиена писмена согласност од другата страна.

**Член 6**

Страните се согласија во спроведувањето на активностите да се придржуваат до сопствените внатрешни правила за постапување и чување на информации и позитивните прописи од областа на заштитата на личните податоци, спречувањето и заштитата од дискриминација и класифицираните информации.

**Член 7**

Страните постигнаа согласност важењето на овој Меморандум да биде две години од денот на неговото склучување.
Овој Меморандум може да биде раскинат од било која од страните со тоа што на другата ѝ се дава претходно писмено известување најмалку 30 дена однапред.
Изменување и дополнување на одредбите на овој Меморандум можат да се направат единствено со писмена согласност на потписниците.

**Член 8**

Каков било спор што може да се појави во врска со толкувањето или примената на овој Меморандум, се разрешува преку консултации меѓу страните потписници на овој Меморандум.

**Член 9**

Овој меморандум е составен во два еднообразни примероци, од кои по еден за секој потписник.

**Член 10**

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

**Кабинет на претседателот на**
**Република Северна Македонија**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

Миле Бошњаковски

**Комисија за спречување и заштита**
**од дискриминација**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

Кире Василев